Врз основа на член 27 став (6) од Законот за производи за заштита на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07, 20/09, 17/11, 53/11, 69/13 и 10/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА КОЈА ЈА ВОДАТ ПРАВНИТЕ ЛИЦА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ, ПЛАСИРААТ НА ПАЗАРОТ И СКЛАДИРААТ ПРОИЗВОДИ ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА ПРОИЗВЕДЕНИТЕ КОЛИЧЕСТВА, ЗА ПРИЕМОТ И ИСПОРАКАТА НА ПРОИЗВОДИТЕ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И ПРОИЗВОДИТЕ СО ПОМИНАТ РОК НА ТРАЕЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и начинот на водење на евиденцијата која ја водат правните лица кои произведуваат, пласираат на пазарот и складираат производи за заштита на растенијата (во понатамошниот текст: производи) за произведените количества, за приемот и испораката на производите, вклучувајќи ги и производите со поминат рок на траење.

## Член 2

Евиденцијата од членот 1 на овој правилник ги содржи следните податоци:
- трговски назив на производот;
- активна супстанција која ја содржи производот;
- намена на производот;
- рок на траење на производот;
- вид на производи со поминат рок на траење;
- количество на производи со поминат рок на траење;
- датум на кој е извршена продажбата/производството;
- количество на произведени/продадени производи;
- име и презиме на овластеното лице кое го издало производот;
- име, презиме, адреса и контакт на лицето (правно и/или физичко) кое го подигнало производот (согласно документ за идентификација - лична карта или електронска картичка за евиденција на производство, продажба и употреба производи за заштита на растенијата);
- датум на враќање на празната амбалажа од употребените производи за заштита на растенијата/амбалажа со остатоци од производи за заштита на растенијата/производи за заштита на растенијата со поминат рок на траење;
- име и презиме на овластеното лице кое ја примило вратената празна амбалажа од употребените производи за заштита на растенијата/амбалажа со остатоци од производи за заштита на растенијата/производи за заштита на растенијата со поминат рок на траење; и
- име, презиме, адреса и контакт на лицето (правно и/или физичко) кое ја вратило празната амбалажа од употребените производи за заштита на растенијата/амбалажа со остатоци од производи за заштита на растенијата/производи за заштита на растенијата со поминат рок на траење (согласно документ за идентификација - лична карта или електронска картичка за евиденција на производство, продажба и употреба производи за заштита на растенијата).

## Член 3

Евиденцијата од членот 1 на овој правилник се води електронски и пишано на дневна основа и се внесуваат податоци за секој производ одделно кој се произведува, пласира на пазарот или складира.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр.17-45/3 | Министер за земјоделство, |
| 25 март 2015 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | м-р **Михаил Цветков,** с.р. |